Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш
Примено: 25-07-2023
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0201 | 68717 | | |


Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 од Статутот на општина Радовиш, а согласно Одлука на Советот на општина Радовиш 08-455/1 од 28.02.2023 година – 0201-256/1 од 14.03.2023 година со која се воведува солидарен фонд врз основа на граѓанска иницијатива за жителите на урбаните заедници "Јавор", "Комуна", "Куклевица", "Мирче Ацев" и "Бел Камен" и на месните заедници "Илија Поцков" – Раклиш, "Изведен" – Ораовица, "Папино" – Јаргулица, и "Водица" – Сулдурци и Одлука на Управен одбор на ЈП "ПЛАВАЈА" за усвојување на Правилник за солидарен фонд за помош при вршење на погребални услуги бр.0202-524/5 од 13.06.2023 година,

Советот на општина Радовиш на XXXII седница одржана на 11.07.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

## за давање согласност за примена на Правилник бр.0202-524/6 од 13.06.2023 година за солидарен фонд за помош при вршење на погребални услуги

### Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за примена на Правилник бр.0202-524/6 од 13.06.2023 година за солидарен фонд за помош при вршење на погребални услуги со измена на член 2 став 5 од Правилникот кој гласи:

- ЈП "Плаваја" Радовиш на име на ангажирани работници, изготвување и евиденција на документација, нејзино архивско чување и услуги за собирање на солидарен фонд и исплати по него, има право да задржува 15% од месечниот приход од солидарниот фонд.

И измена во член 8 став 1 од за солидарен фонд за помош при вршење на погребални услуги:

- Одобрените средства во Решението на ЈП "Плаваја" Радовиш ќе се исплаќаат еднократно на банкарска сметка приложена во барањето од барателот од трошокот прикажан на фискална сметка, сметкопотврда или фактура од оператор на погребални услуги за погребални услуги во која се наведени законски утврдените погребални услуги кои се извршени за починатото лице за кое се поднесува барање за исплата од солидарен фонд, во висина од 15.000.00 денари по Решение
-

### Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Радовиш.

Број 08-1144/1
Дата 11.07.2023 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш
Примено: 25-07-2023

| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0201 | 687/2 | | |


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

# Р Е Ш Е Н И Е
## за прогласување и објавување
## на Одлука за давање согласност за примена на Правилник бр.0202-524/6 од 13.06.2023 година за солидарен фонд за помош при вршење на погребални услуги

Ја прогласувам и објавувам одлуката за давање согласност за примена на Правилник бр.0202-524/6 од 13.06.2023 година за солидарен фонд за помош при вршење на погребални услуги, бр.08-1144/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 11.07.2023 година.

Број 09-1144/2
Дата 17.07.2023 година
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Ацо Ристов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК" ОПШТИНА РАДОВИШ

Рачите собрани

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА п.о.
Бр.0202-524/5
13.06. 2023 год.
Радовиш

Врз основа на член 2 од Одлуката на Советот на општина Радовиш 08-455/1 од 28.02.2023 година – 0201-256/1 од 14.03.2023 година со која се воведува солидарен фонд врз основа на граѓанска инцијатива за жителите на урбаните заедници „Јавор“, „Комуна“, „Куклевица“, „Мирче Ацев“ и „Бел камен“ и на месните заедници „Илија Поцков“ – Раклиш, „Изведен“ – Ораовица, „Папино“ – Јаргулица и „Водица“ – Сулдурци. Управниот одбор на ЈП„Плаваја“ – Радовиш и член 15 од Статутот на ЈП„Плаваја“ Радовиш, на својата 22 седница одржана на ден 13.06.2023 година ја донесе следната :

## О Д Л У К А

### за усвојување на Правилник за солидарен фонд за помош при вршење на погребални услуги.

**Член 1**

Управниот одбор го усвојува Правилникот за солидарен фонд за помош при вршење на погребални услуги кој е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Со донесувањето на оваа Одлука се укинува Одлуката за отстапување на надомест за солидарен погреб на покоен на Управниот Одбор на ЈП Плаваја Радовиш под бр.0202-340/7 донесена на одржаната седница на ден 26.06.2014 година.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила по добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Радовиш.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на изјавената граѓанска иницијатива од урбаните и месните заедници за прибирање на финансиски средства за помош кон семејствата кои имаат потреба од вршење на погребални услуги со Одлука на Советот на општина Радовиш под бр. 08-455/1 од 28.02.2023 година се воведе солидарен фонд за кој со Одлуката на Советот се задолжи ЈП Плаваја Радовиш да изготви правилник во кој ќе се утврдат условите, висината и начинот на исплата на финансиските средства кон семејство кое има потреба од вршење на погребална услуга, па со оглед на задолжението од горенаведеното У.О на ЈП Плаваја Радовиш, одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Претседател на У.О

Наце Димитријев

____________________

Јавно претпријатие за комунални дејности ПЛАВАЈА П.О. Радовиш

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ПЛАВАЈА
Радовиш

ЈП „ПЛАВАЈА“ – РАДОВИШ
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
Ул: „Свети Спасо Радовишки“ бр:32, 2420 Радовиш
ЕДБ: МК4023999108401, Жиро сметка: Тутунска Банка 210052660250146
Телефони: (+389) 032/635-323, Факс: 032/635-201
plavaja.radovis@gmail.com www.plavaja.com.mk

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА п.о.
Бр.0202-524/6
13.06.2023 год.
Радовиш

# ПРАВИЛНИК

ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД ЗА ПОМОШ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

Радовиш, Јуни 2023 година

Врз основа на член 2 од Одлуката на Советот на општина Радовиш 08-455/1 од 28.02.2023 година – 0201-256/1 од 14.03.2023 година со која се воведува солидарен фонд врз основа на граѓанска инцијатива за жителите на урбаните заедници „Јавор", „Комуна", „Куклевица", „Мирче Ацев" и „Бел камен" и на месните заедници „Илија Поцков" – Раклиш, „Изведен" – Ораовица, „Папино" – Јаргулица и „Водица" – Сулдурци. Управниот одбор на ЈП„Плаваја" – Радовиш врз основа на член 15 од Статутот на ЈП„Плаваја" Радовиш, на својата 22 седница одржана на ден 13.06.2023 година донесе одлука за усвојување на:

# ПРАВИЛНИК
## за солидарен фонд

### Член 1

Корисници на солидарниот фонд се сите корисници на услугите на ЈП„Плаваја" од категоријата физички лица, кои живеат во урбаните заедници „Јавор", „Комуна", „Куклевица", „Мирче Ацев" и „Бел камен" и во месните заедници „Илија Поцков" – Раклиш, „Изведен" – Ораовица, „Папино" – Јаргулица и „Водица" – Сулдурци и кои имаат православна вероисповед.

Доколку има заинтересирани корисници на услугите на ЈП„Плаваја" од друга вероисповед може да станат корисници на солидарниот фонд под истите услови.

### Член 2

Солидарниот фонд изнесува 90,00 денари по регистриран корисник на услугите на ЈП„Плаваја" – Радовиш регистриран во базата на корисници со посебна шифра на корисник.

Солидарниот фонд ќе се фактурира и наплаќа преку сметките за комунални услуги кои ги издава ЈП„Плаваја" – Радовиш на месечна основа.

Средствата собрани од солидарниот фонд кои ќе се собираат ќе се книжат на конто 292000 во финансиско книговодствената евиденција на ЈП„Плаваја" – Радовиш.

Собраните средства на конто 292000 смеат да се користат исклучиво според овој Правилник.

ЈП„Плаваја" Радовиш на име на ангажирани работници, изготвување и евиденција на документација, нејзино архивско чување и услуги за собирање на солидарниот фонд и исплати од него, има право да задржува 20% од месечниот приход од солидарниот фонд.

### Член 3

Право на користење на средства од солидарниот фонд имаат само корисници на кои им се платени сите фактурирани износи за солидарен фонд од моментот на неговото воведување до ден на поднесување на Барање.

### Член 4

Во случај на смрт на носителот на корисничката шифра или член од неговото семејство кој живее во ист станбен објект и на иста адреса со регистриран корисник на услугите на ЈП„Плаваја" – Радовиш и кој учествува во солидарниот фонд со плаќање на месечен износ за солидарен фонд, од средствата собрани на конто 292000 за солидарен

фонд ќе се врши исплата на средства врз основа на поднесено унифицирано Барање за исплата на средства од солидарен фонд.

Член 5

Барањето во три оригинали се поднесува во архивата на ЈП„Плаваја“ – Радовиш и по неговата обработка ЈП„Плаваја“ – Радовиш изготвува Решение за одобрување или одбивање на исплата од солидарниот фонд.

Барателот со поднесување на барањето мора за потпише изјава дека се согласува неговите лични податоци да се употребуваат во процесот на донесување на Решение и евиденција.

Член 6

Со пополнето барање задолжително се поднесуваат следните документи во оригинал:

1. Последна сметка за комунални услуги од ЈП„Плаваја“ – Радовиш,
2. Извод од матична книга на умрените за починатото лице за кое се поднесува барање за исплата од солидарен фонд,
3. Фискална сметка заедно со заверена пополнета и потпишана сметкопотврда или фактура од оператор за погребални услуги во која се наведени законски утврдените погребални услуги кои се извршени за починатото лице за кое се поднесува барање за исплата од солидарен фонд,
4. Фотокопија од лична карта за починатото лице и за подносителот на барањето,
5. Трансакциска сметка на која треба да се исплатат средства од солидарниот фонд.

По извршениот увид на лице место, за продолжување на постапката по поднесеното барање оригиналните документи ќе бидат фотокопирани и вратени на подносителот.

Доколку со барањето не се поднесат оригинални документи, барањето ќе се смета за нецелосно и нема да биде примено во архивата на ЈП„Плаваја“ – Радовиш.

За давање на лажни и неточни податоци подносителот на барањето сноси лична морална, кривична и материјална одговорност.

Член 7

Рокот за донесување на Решение по поднесено барање не смее да биде подолг од 15 (петнаесет) работни дена сметано до денот на поднесување на барањето.

Рокот за исплата не смее да биде подолг од 7 работни денови од донесување на Решение за исплата на средства од солидарен фонд.

Член 8

Одобрените средствата во Решението на ЈП„Плаваја“ – Радовиш ќе се исплаќаат еднократно на банкарска сметка приложена во барањето од барателот во висина од 80% од трошокот прикажан на фискална сметка, сметкопотврда или фактура од оператор на погребални услуги за погребални услуги во која се наведени законски утврдените погребални услуги кои се извршени за починатото лице за кое се поднесува барање за исплата од солидарен фонд, но не повеќе од 15.000,00 денари по Решение.

Секторот за контрола на корисници на ЈП„Плаваја“ – Радовиш ќе води посебна база на податоци за шифрите на корисник кои поднеле барање и искористиле средства од солидарниот фонд со: датум на поднесување на барањето, име и презиме на барателот,

починато лице за кое се поднесува барањето, датум на одобрувањето на исплатата, бројот на решението, висината на исплатените средства како и лични податоци за барателот и сметката на која се исплатени средствата.

Член 9

Солидарниот фонд започнува да се наплаќа почнувајќи од сметките за месец Јули 2023 година, а исплатата од него започнува по издавање на сметките за месец Август 2023 година.

Член 10

Се задолжуваат службите во ЈП„Плаваја" – Радовиш во рок од седум работни денови од донесувањето на овој Правилник од страна на Управниот одбор да ги изготват: унифицираното Барање, Решение и да ја формираат базата за евиденција на поднесени барања и решенија.

Член 11

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по негово усвојување од страна на Советот на Општина Радовиш.

Радовиш, ____________________

ЈП„Плаваја" – Радовиш
Управен одбор,
Претседател
Наце Димитријев

______________________